**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-479
21.12. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-5561/1 од 15.12.2017 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно со членот 14 став 1 од Законот за медиуми од страна на Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", во изданието бр.77 за месец ноември 2017 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-5561/1 од 15.12.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени во членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изврши административен надзор со цел да се констатира дали субјектот на надзор, Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми. По извршениот надзор беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", во изданието бр.77 за месец ноември 2017 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-5561/1 од 15.12.2017 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми, точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-5561/1 од 15.12.2017 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 14 став 1 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас", се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатен медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-5561/1 од 15.12.2017 година.

**Доставено до:**

- Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас",
- Управителот на Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот "Штипски глас",
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15. 12. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5561 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот „Штипски глас", и тоа:

- изданието бр.77 на магазинот „Штипски глас" за ноември 2017 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 декември 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и; назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот „Штипски глас", во изданието бр.77 за месец ноември 2017 година, <u>не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми</u>.

7. **Опис на прекршувањето:** Со надзорот на Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип е утврдено дека издавачот на печатен медиум не ги објавил податоците за:

- адресата на седиштето на издавачот на медиумот,

- името на одговорното лице на издавачот на медиумот,
- адресата на печатницата,
- датумот на печатење или препечатување и
- бројот на печатени примероци.

8. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека во текот на 2017 година Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 став 2 од Законот за медиуми, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***